УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2021

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.

| Издавачки совет | Editorial board |
|---|---|
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| Редакциски одбор | Editorial staff |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска | Biljana Conevska Gunjovska, PhD. |

| Уредувачки одбор | Editors |
|---|---|
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник | Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor |

| Техничко уредување | Technical editor |
|---|---|
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

| Јазично уредување | Language editor |
|---|---|
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |

| Редакција и администрација | Address of the editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |

# GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**СОДРЖИНА - CONTENTS**

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ....................6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS....................12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ....................18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ....................26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS....................31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ....................39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ....................53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY....................58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN’S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ....................79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ....................90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА....................94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА....................100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ....................115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ....................115

**Џеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....................128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ.................137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ“ – ПРИЛЕП.................................................144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19.........................................................................................153

UDK 334.722:305-021.23]:338.23(497)
334.722:305-021.23]:338.23(4-672EU)

# ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Марија Магдинчева-Шопова[1], Анета Стојановска-Стефанова[2]**
[1]Вонр.проф, Универзитет Гоце Делчев-Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика,
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
[2] Доцент, Универзитет Гоце Делчев-Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика,
aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

Апстракт

Постигнување на рамноправност помеѓу мажите и жените претставува еден од темелните принципи на Европската унија. Едно од основните подрачја каде се прават обиди да се примени принципот на рамноправност е пазарот на трудот односно еднаква застапеност на жените и мажите на пазарот на трудот.

Родовото претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на проблемите кои произлегуваат од нееднаквата застапеност на жените и мажите во бизнисот и извршувањето на претприемничка активност. Во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на термините родово претприемништво. Развојот на родовото претприеништво се јавува како резултат на одредените промени во окружувањето посебно на промените на глобалниот пазар и изразените напори за постигнување на родова еднаквост.

Проблемот на родова нееднаквост е евидентен во севкупните економски текови во Р.С.Македонија на што упатуваат голем број на спроведени истражувања и извршени компаративни анализи со други земји. Родовото претприемништво се јавува како одговор на потребите на општеството и остварување на определените цели за постигнување на родова еднаквост. Поради тоа главниот дел од трудот ќе биде насочен кон анализа на основните меѓународни индикатори кои овозможуваат мерење на родовата еднаквост односно нееднаквост. Составен дел од трудот е направената анализа за значењето и имплементацијата на политиките за постигнување на родова балансираност. Врз основа на спроведените истражувања се констатира дека во нашата земја нема реализирано соодветно теоретско и емпириско истражување за тоа дали и колку се применуваат политиките за постигнуавње на родова еднаквост од економски аспект, поради што што во заклучокот од трудот ќе бидат дадени насоки за подобрување на состојбата со родовата нееднаквост.

Клучни зборови: родова еднаквост, родова нееднаквост, основните меѓународни индикатори, родов јаз

# POLICIES FOR DEVELOPMENT THE GENDER ENTREPRENEURSHIP

**[1]Marija Magdinceva-Sopova; [2]Aneta Stojanovska-Stefanova**
[1] Associate Professor, Goce Delchev University - Shtip, e-mail: marija.magdinceva@ugd.edu.mk
[2] Assistant Professor, Goce Delchev University - Shtip, e-mail: aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

Abstract

Achieving equality between men and women is one of the fundamental principles of the European Union. One of the basic areas where attempts are made to apply the principle of equality is the labor market and equal representation of women and men in the labor market.

Gender Entrepreneurship is a new modern approach to solving the problems arising from the unequal representation of women and men in business and performing entrepreneurial activity. Within this paper will be given a theoretical overview and definition of the terms gender entrepreneurship. The development of gender entrepreneurship occurs as a result of certain changes in the environment, especially the changes in the global market and the expressed efforts to achieve gender equality.

The problem of gender inequality is evident in the overall economic trends in the Macedonia, which is indicated by a number of surveys and comparative analyzes with other countries. Gender entrepreneurship occurs in response to the needs of society and the achievement of certain goals for achieving gender equality. Therefore, the main part of the paper will be focused on the analysis of basic international indicators that enable the measurement of gender equality or inequality. An integral part of the paper is the analysis of the importance and implementation of policies to achieve gender balance. Based on the conducted research, it is concluded that in our country there is no appropriate theoretical and empirical research on whether and to what extent the policies for achieving gender equality are applied from an economic point of view, due to which the conclusion of the paper will provide guidelines for improving the situation. with gender inequality.

Keywords: gender equality, gender inequality, basic international indicators, gender gap

## 1. Вовед

Родовото претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на проблемите кои произлегуваат од нееднаквата застапеност на жените и мажите во бизнисот и извршувањето на претприемничка активност. Едно од основните подрачја каде се прават обиди да се примени принципот

на рамноправност односно еднаква застапеност на жените и мажите е пазарот на трудот. Родовата еднаквост е еден од темелните принципи на Европската унија. Според Извештајот на CIDA „Родовата еднаквост значи дека жените и мажите имаат еднакви услови за остварување на нивните целосни човекови права и потенцијал да придонесат за националниот, политичкиот, економскиот социјален и културен развој и да имаат еднаква корист од резултатите".[1]Официјалните публикувани податоци публикувани од Европската Унија укажуваат на тоа дека жените сочинуваат само една третина од самовработените во ЕУ или поточно 34,4% од вкупниот број самовработени а во однос на старт-ап бизнисите, само 30% од вкупниот број стар-ап бизниси се во сопственост на жени.[2] Со цел да се постигне родова еднаквост и надминат родовите нееднаквости од голема важност е да се практикува примена на добри практики и политики за подобрување на состојбата. Примената на добри практики заедно со соодветни политики претставува правилен одговор на прашањата поврзани со намалување на родовите разлики во бизнисот односно родовите разлики во претприемништвото.

Постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на жените е составен дел на Агендата на Обединетите нации за одржлив развој 2030 година и на секоја од нејзините 17 цели Цели за одржлив развој усвоени од светските лидери во 2015 година.[3]

## 2. Основни меѓународни индикатори

Остварувањето на родовата еднаквост е предизвик за земјите членки на Европската Унија како и за земјите кои имаат аспирации за членство. Бројни публикувани податоци за направени споредби укажуваат на тоа дека постојат големи разлики во родовата балансираност од земја во земја. Глобализацијата ја зголемува нееднаквста во односите меѓу земјите а посебно економската и социјалната нееднаквост.[4] Родовата балансираност се мери со индикатори кои се меѓународно прифатени и усвоени. Според наведените индикатори нашата земја значително заостанува во остварувањето на родовата избалансираност. Постојат три клучни меѓународни индикатори со кои се мери родовата избалансираност (пристап или вклученост на жените): Gender Inequality Index (UN), или индекс на родова нееднаквост Global Gender Gap (World Economic Forum) или индекс на глобален родов јаз и Social Institutions and Gender Index (OECD) или индекс за влијанието на општественото однесување на поединците.[5]

*Gender Inequality Index (GII)* или индекс на родова нееднаквост покажува колку се остварувањата на ниво на држава во однос на развојот на човечките ресурси поради родова нееднаквост. Овој индекс се следи од 1995 година од страна на Организацијата на Обединети Нации. Приказ на податоците за индекс на родова нееднаквост и рангирањето од вкупно 155 земји според Human Development Report 2016: Work for Human Development, UNDP со состојба 2015 година е даден во Табела 1.

Табела 1 Индекс на родова нееднаквост
Table 1 – Gender Inequality Index (GII), 2015

| *Земја* | GII | Рангирање |
|---|---|---|
| Грција | 0,119 | 23 |
| Хрватска | 0,141 | 31 |
| *Македонија* | *0,160* | *36* |
| Црна Гора | 0,156 | 33 |
| Србија | 0,185 | 40 |
| Босна и Херцеговина | 0,158 | 34 |
| Бугарија | 0,223 | 45 |
| Албанија | 0,267 | 51 |
| Турција | 0,328 | 61 |
| Просек во светот | 0,443 | |

Извор: Human Development Report 2016: Work for Human Development, UNDP, 2016, преземено на 04.08.2021

*Global Gender Gap (GGG)* или индекс на глобален родов јаз се пресметува од почетокот на 2006 година од страна на Светскиот Економски Форум (World Economic Forum). Овој индекс ги мери родовите основни разлики во пристапот до ресурси и можности во поединечни земји, а не вистински расположивите ресурси и можности во тие земји. Бидејќи овој индекс се пресметува врз основа на учествто во работната сила,еднакви плати за слична работа, проценета заработувачка, учество во категоријата на законодавни функционери, функционери од повисок ранг и менаџери може да се каже дека ги покажува бизнис можностите или екзномското учество и пристапот до можностите . Оваа година се прават напори за следење на напредокот на родовиот јаз и податоците треба да служат како повик за акција за градење на понатамошни капацитети.[6] Во Табела 2 даден е приказ на пресметаниот Индекс

на глобален родов јаз(Global Gender Gap-GGG) а во табела 3 пресметаниот Индекс на економска партиципација и пристап до можности со состојба од 2017-та година и извршено рангирање од 144 земји.

Табела 2 Индекс на глобален родов јас
Table 2 – Global Gender Gap (GGG), 2017

| *Земја* | GGG-вредност | GGG-ранг |
|---|---|---|
| Бугарија | 0,756 | 18 |
| Србија | 0,727 | 40 |
| Албанија | 0,728 | 38 |
| Хрватска | 0,711 | 54 |
| *Македонија* | *0,702* | *67* |
| Босна и Херцеговина | 0,702 | 66 |
| Црна Гора | 0,693 | 77 |
| Грција | 0,692 | 78 |
| Турција | 0,625 | 131 |

Извор: The Global Gender Gap Report 2017, World Economic Forum, 2017, преземено на 04.08.2021

Табела 3 Индекс на економска партиципација и пристап до можности
Table 3 – Index of Economic participation and access to opportunities

| *Земја* | Економска партиципација и пристап до можности-Вредност | Економска партиципација и пристап до можности-Рангирање |
|---|---|---|
| Бугарија | 0,710 | 51 |
| Србија | 0,670 | 72 |
| Албанија | 0,673 | 70 |
| Хрватска | 0,689 | 63 |
| *Македонија* | *0,636* | *96* |
| Босна и Херцеговина | 0,575 | 116 |
| Црна Гора | 0,653 | 88 |
| Грција | 0,670 | 73 |
| Турција | 0,471 | 128 |

Извор: The Global Gender Gap Report 2017, World Economic Forum, 2017, преземено на 04.08.2021

Според прикажаните податоци и измерени вредности за индексот за родов јаз, нашата земја има понизок индекс во однос на некои земји од регионот. Исланд со вредност од 0,878, Норвешка со вредност од 0,830 и Финска со вредност од 0,823 се земји со највисоки вредност на индексот за родов јаз.

*Social Institutions and Gender Index (SIGI)* го покажува влијанието на општественото однесување на поединците и истиот се пресметува од 2009 година од страна на Развојниот Центар. Параметри за мерење на општественото однесување се следните: пристап до финансиски средства(кредити), пристап за стекнување на сопствен имот,традицијата и практиките на наследување на семеен имот.

Според официјално публикуваните податоци од Social Institutions & Gender Index, 2014 Synthesis Report, OECD, во нашата земја евидентна е изразена родова нееднаквост според параметрите преку кои се пресметува овој индекс.[7]

Погоре прикажаните пресметани вредности за клучните меѓународни индикатори со кои се мери родовата избалансираност покажуваат дека во нашата земја постои значителна родова нееднаквост од аспект на можности за започнување со бизнис активности и пристап до потребните ресурси.

## 3. Политики за подобрување на родово претприемништво

Посебен сегмент каде се прават големи напори за надминување на родовиот јаз е подрачјето на претприемништвото. Подобрувањето на состојбата со родовата нееднаквост може да се изврши со примена на соодветни политики и потврдени добри практики. Политиките се дефинираат како организациски правила на однесување, кои служат за донесување на ефикасни и ефективни одлуки преку кои се постигнуваат рационални резултати.[8]Во процесот на дефинирање и имплементирање на соодветни политики и практики влијаат поголем број различни фактори, кои мораат да бидат земени во предвид.Примената на веќе докажаните добри практики претставува еден од начините за подобрување на

детектираната состојба. Практиките претпоставуват начин на организациско дејствување, кое е резултат на претходно дефинирани политики и кое има за цел подобрување или усовршување на определени организациски однесувања и дејствувања.

Примената на соодветни политики и практики е во согласност со насоките на Европската Унија. Европската унија ја усвоила *Женската Повелба* или *Women's Charter* со која се обврзала на зајакнување на рамноправноста на половите преку имплементација на сите свои политики, годишно следење на остварувањето на поставените стратешки одредници и се обликуваат нови цели и стратегии за нивно остварување.[9] Поради тоа развојот на родовото претприемништво претставува една од основните цели. Преку поттикнување на самовработувањето кај жените се овозможува намалување на родовиот јаз.[10] Помеѓу клучните насоки на Извештајот за родова еднаквост 2021 на Европската Унија, посебно внимание се придава на развојот на родова еднаквост од економски аспкет.

Клучни политики за постигнувања на наведената цел се: програми за образование и едукација кои ќе овозможат зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот, еднаквост во процесот на донесување на одлуки, економска независност, еднаквост во платите и пензиите кај жените и мажите и политики за постигнување на рамнотежа меѓу професионалниот и семејниот живот. Остварувањето на овие клучни политики може да се оствари преку различни начини на дејствување.

Како најприменливи политики се сметаат обезбедувањето на можности за едукација и совети во водењето на бизнисот за жените претприемачи , креирање на платформи за вмрежување и комуникација, креирање на платформи за размена на информација и користење на Tacit knowledge. Tacit knowledge се однесува на знаење, вештини и способности што поединецот ги стекнува преку искуство кое често е тешко да се каже со зборови или на друг начин да се комуницира.[11]

## 4. Заклучок

Родовото претприемништво се јавува како одговор на потребите на општеството и остварување на определените цели за постигнување на родова еднаквост и претставува посебен сегмент каде се вложуваат големи напори за надминување на родовиот јаз. Постигнувањето на родова еднаквост е клучна определба и во Извештајот за родова еднаквост 2021 на Европската Унија каде посебно внимание се посветува на развојот на родова еднаквост од економски аспкет.

Во Стратегијата Европа 2020 (Europe 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth) определени се повеќе цели кои треба да се остварат со примена на соодветни политики. Една од целите е 75% на вработеност кај мажите и жените.[12] Според официјално објавените податоци, во нашата земја постои значајна родова нееднаквост. Вредностите за клучните меѓународни индикатори со кои се мери родовата избалансираност (пристап или вклученост на жените): *Gender Inequality Index (UN),* или индекс на родова нееднаквост *Global Gender Gap (World Economic Forum)* или индекс на глобален родов јаз и *Social Institutions and Gender Index (OECD)* или индекс за влијанието на општественото однесување на поединците укажуваат на тоа дека индексот за родова еднаквост е понизок во однос на некои земји од регионот.

Во нашата земја единствено стандардизирано следење на квалитетот на поединечни компоненти на претприемачкиот еко-систем со оглед на родовиот аспект дава GEM истражувањето.[13] И покрај тоа што се заостанува во однос на намалување на родовиот јаз, во однос на започнувањето со претприемничка активност, индикаторите укажуваат дека има одредени подобрувања на состојбата. Според тие индикатори Македонија се наоѓа на ниво 2, што значи дека се присутни одредени активности, анализи, примери на добри практики, почеток на соработка помеѓу поединечни засегнати страни, но сеуште без систематизиран пристап. [14] Но ефективниот развој на женското претприемништво бара поголема институционална подршка и примена на сеопфатен сет на политики и реално согледување на причините и ограничувањата. Според истражувањето спроведено од GEM се констатира дека во Македонија жените имаат малку пониска перцепција за приликите од мажите (29% наспроти 32%), но повисоко ниво на страв од неуспех (43% наспроти 36%) и ниско ниво на самодоверба во однос на сопствените компетенции за започнување на деловен потфат (46% наспроти 64%)[15].Затоа е потребно во соработка со државните институции да се креираат соодветни политики, да се создадат услови за нивна имплементација, и да се усвои соодветна правна регулатива која ќе го поттикнува процесот на родово претприемништво. Сето тоа ќе придонесе за градење на позитивна општа перцепција за родово претприемништво што на некој начин ќе создаде услови за севкупна подршка на овој процес. Иако постојат голем број извештаи во кои се наведени соодветни политики, постојат многу малку информации за нивна примена. Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Р.Македонија има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. [16] Во нашата земја нема реализирано соодветно теоретско и емпириско истражување за тоа дали и колку се применуваат политиките за постигнуавње на родова еднаквост од економски аспект,

што претставува еден предизвик и реална потребата за спроведување на соодветни истражувања во оваа област.

**Користена литература**

[1] CIDA, In: *Gender Equality and women empowerment to achieve sustainable development goal*, http://southasiajournal.net/gender-equality-and-women-empowerment-to-achieve-sustainable-development-goal/,: http://southasiajournal.net/gender-equality-and-women-empowerment-to-achieve-sustainable-development-goal/ , August 05, 2020]

[2] https://ec.europa.eu/growth/smes/promoting-entrepreneurship/we-work-for/women_пристапено на 04.08.2021]

[3]Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2020) *Empowerment of women: Challenges and opportunities in the modern world.* International scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", 3 (3). pp. 119-130. ISSN 978-608-244-779-7

[4] Hurrell A.and Woods N. *Inquality, Globalization and World Politics*, Oxford, Oxford University Press, (1999)

[5]Стратегија за развој на женско претприемништво 2019-2023,Министерство за економија на Република Македонија,2018 стр.7

[6]Global Gender Gap Report 2021: World Economic Forum, March 2021, Work for Human Development

[7]www.genderindex.org/ranking, преземено на 03.08.2021

[8] Postolov K. And Magdincheva-Shopova M, Human resources management polices and practices in multinational companies, KNOWLEDGE – International Journal Vol.38.1,,2020, p.149

.[9] A strengthened Commitment to Equality between Women and Men – A Women's Charter", European Commission, 2010

.[10] Помеѓу клучните насоки на Извештајот за родова еднаквост 2021 на Европската Унија

[11] Kothari A. et al., Implementation Science 2012, 7:20 преземено од http://www.implementationscience.com/content на 05.08.2021

[12] Europe 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth), преземено од https://sustainabledevelopment.un.org/, на 05.08.2021

[13] https://www.gemconsortium.org/ преземено на 04.08.2021

[14] Women Entrepreneurship Indicators: Developing 2nd Generation, SEECEL, Zagreb, 2013

[15] Kelley, D. et al., Global Entrepreneurship Monitor – 2012 Women's Report, Babson College, 2013, стр. 49

[16]Стратегија за развој на женско претприемништво 2019-2023,Министерство за економија на Република Македонија,2018 стр.7